Република Македонија
ЈУ Специјален завод ДЕМИР КАПИЈА
Бр. 04-374/1
24.06.2019 год.
ДЕМИР КАПИЈА

Врз основа на член 22 став (8) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16 , 35/2018и 198/2018 ), член 22, став (1), алинеја 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018),член 212 став 4 од Законот за Социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/2019) , по добиена Согласност од Министерство за финансии **бр.18-4974/2 од 19.06.2019 година**, ВД Директорот на ЈУ Специјален завод Демир Капија , распишува:

## ЈАВЕН ОГЛАС

**за вработување на 6 (шест ) лица во** ЈУ Специјален завод Демир Капија **на определено време до крајот на тековната фискална 2019 година**

ЈУ Специјален Завод Демир Капија објавува оглас за вработување на 6 (шест ) лица на **определено време на следниве позиции:**

1 **Дефектолог** во Одделот за здравје и нега на корисниците-Служба за институционално згрижување на корисници 1 (еден ) извршител ,

Општи услови

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.
- Посебни услови
- За ниво А4 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, најмалку две години работно искуство -Дефектологија
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Распоред на работно време:

- работни часови во неделата: 40,
- работно време од понеделник до петок од 07,00до 15,00 часот.

Паричниот износ на основната нето плата 24.092 денари.

2. **Физиотерапевт во** Одделот за здравје и нега на корисниците-Служба за институционално згрижување на корисници 1 (еден ) извршител

Општи услови

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

- Посебни услови
- За ниво Б1 најмалку најмалку 180 кредити според ЕКТС или најмалку ниво на квалификации VI Б физиотерапевт

Распоред на работно време:

- работни часови во неделата: 40,
- работно време од понеделник до петок од 07,00до 15,00 часот.

Паричниот износ на основната нето плата 17.563,00 денари.

3.**Неговател** во Одделот за организирано живеење со подршка во станбени единици-Служба за живеење на корисници со подршка во заедницата 4 (четири ) извршители

Општи услови

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,

- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

- Посебни услови
- ниво Б3 најмалку ниво на квалификации IV , 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование (гимназија,прехрамбено,електротехничко)

Распоред на работно време:

- работни часови во неделата: 40,
- работно време во три смени : прва смена од 6,30 до 14,30; втора смена од 12,20 до 19,20 ; трета смена од 18,30 до 06,30 ;
- **Паричниот износ на основната нето плата 13.445,00 денари.**

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заврена кај нотар, и тоа:

Кандидатите за сите работни позиции, потребно е да ги достават следните документи:

- Доказ за државјанство;
- Доказ дека не им е изречена забрана на вршење професија, дејност или должност;
- Уверение / диплома за завршен степен на образование;
- Доказ познавање на компјутерски програми за канцелариско работење за работните места под реден број 1
- Доказ за работно искуство (за работното место под реден број 1)
- Кратка биографија;

Со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување на **определено време од 01.07.2019 до 31.12.2019 година.**

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува **3 работни дена** сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот (не сметајќи го денот на самото објавување). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Бараните документи се доставуваат во затворен коверт со напомена: "Да не се отвора" на следнава адреса:
ЈУ Специјален Завод Демир Капија ул„Наум Наумовски „бр 4 –Демир Капија
Архива на Установата
(со назнака "за оглас")
Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде разгледана.

ЈУ Специјален Завод Демир Капија

**ВД Директор**
**Александра Велковска**